## Препораки од Партиципативниот форум насловен „Подобрување на квалитетот на образованието на јазиците на припадниците на заедниците“

Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ) во соработка со ОБСЕ Мисијата во Скопје на 17.11.2017 година одржа Партиципативен форум, во кој учествуваа претставници на институциите и претставници на невладиниот сектор на заедниците под 20%, на тема „Подобрување на квалитетот на образованието на јазиците на припадниците на заедниците“. Од Партиципативен форум произлегоа следниве препораки:

- Релевантните државни институции треба да работат во насока на континуирано подобрување на квалитетот на наставниот кадар на заедниците.

- Претставниците на српската заедница бараат да им се овозможи право на изучување на изборен предмет „Јазик и култура на Србите“ во средини каде не се исполнети условите за следење редовна настава на српски наставен јазик

- Во училиштата каде што нема предметна настава (6-9) на турски јазик да се обезбедат услови за реализација на истата

- Наставниот кадар кој реализира настава на турски наставен јазик предлага помошните наставни средства и помагала да се печатат на турски јазик и обучувањето и усовршувањето за наставниот кадар да се одвиваат на турски јазик

- Поради објективност во оценувањето на наставниот кадар од страна на Државниот просветен инспекторат, инспекторите да го владеат јазикот на кој се одвива наставата

- Претставниците на турската заедница бараат стручната служба во училиштата (педагог, психолог, дефектолог) да го познава наставниот јазикот на учениците

- Обезбедување на лектори по српски и босански јазик

- Претставниците на бошњачката заедница бараат во системот за нарачки за учебници да се внесе опцијата босански јазик

- Имплементација на правото на следење на редовна настава на босански јазик.